IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Врз основа на член 30 од Статутот на Институт за демократија "Социетас цивилис" - Скопје донесен на ден 03.04.2016г, претседателот на ИДСЦС ја донесе следнава:

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ МРЕЖА ЗА ПОДОБРА ЛЕГИСЛАТИВА „МРЕЖА РИА"

Член 1

По отворениот повик објавен на 7 април 2017 година на веб-страната на ИДСЦС (http://idscs.org.mk/mk/2017/04/07/пвр-во-сенка-отворен-повик-за-вклучува/) за вклучување во Мрежа за подобра легислатива во рамки на проектот „Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази", имплементиран од Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје во партнерство со Центар за економски анализи - Скопје, финансиран од Европска Унија, за членство во мрежата се избираат апликациите на следните 10 (десет) организации:

- *„Аналитика Тинк-Тенк"*
- *Здружение на професионални консултанти „Подготвеност Европа 2020"*
- *„Коалиција – Сите за правично судење"*
- *„Македонско здружение на млади правници"*
- *„Младински образовен форум"*
- *„Организација на жени на општина Свети Николе"*
- *„Реактор – истражување во акција"*
- *„Центар за развојни политики – Идеас ДеПо"*
- *„Центар за ромска заедница ДРОМ"*
- *„Центар за управување со промени"*

Член 2

Со изборот на овие организации формално се формира Мрежата за подобра легислатива „Мрежа РИА".

Член 3

Членки на мрежата се и имплементаторите на проектот од член 1 од оваа Одлука со право да одлучуваат за приклучување на нови заинтересирани организации во мрежата, дополнително на организациите утврдени со Член 1.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето.

ул. Теодосиј Гологанов бр.42А/3
1000 Скопје Македонија
Тел/Факс: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk
idscs.org.mk

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Образложение:

По повикот објавен на 04.04.2017, по електронска пошта беа доставени 32 апликации за учество во Мрежата за подобра легислатива. Врз основа на процесот на детална евалуација од страна на Ивана Најдоска и Марјан Николов, како и Дамир Незири (во својство на надворешен евалуатор) беа одбрани апликациите на организациите наведени во Член 1 од оваа Одлука и се воспоставија потребните услови за формирање на Мрежата за подобра легислатива „Мрежа РИА“.

Институт за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС СКОПЈЕ

Марко Трошановски
Претседател на ИДСЦС

МК
Број 0813-151/17
Скопје 28.04.2017

ул. Теодосиј Гологанов бр.42А/3
1000 Скопје Македонија

Тел/Факс: +38923094760
facebook.com/IDSCS

contact@idscs.org.mk
idscs.org.mk